Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/2019 I 110/2019 ) и член 22 став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и 229/20) и член 3 од Законот за математичко-информатичка гимназија („Службен весник на Република Северна Мскедонија" бр.64/18), министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по наставниот предмет **Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници III (трета) година** математичко – информатичка гимназија.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

за III година

Математичко – информатичка гимназија

Скопје, 2022 година

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Кредитна вредност на наставната програма** | 3 (три) ЕЦВЕТ кредити |
| **Назив и ниво на квалификација** | IV (четврто) ниво |
| **Година на изучување** | III (трета) |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ученичката:<br>- да ги продлабочи знаењата за македонскиот стандарден јазик како средство за комуникација;<br>- да се оспособи за самостојно усно и писмено изразување;<br>- да се оспособи да чита куси искази на позната и помалку позната тематика од соодветната струка;<br>- да се оспособи за разбирање, доживување и толкување на литературни и на други текстови од македонската литература;<br>- да ги развие индивидуалните способности за самостојно критичко и творечко комуницирање со литературен текст;<br>- да стекне одредени синтаксички способности кои ќе му помогнат во градењето на реченици;<br>- да се запознае со историските, културните и литературните карактеристики на македонската литература. |

| | |
|---|---|
| **Теми/подрачја/ Модуларни единици на наставна програма** | 1. ЈАЗИК<br><br>2. МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА<br><br>3. КОМУНИКАЦИЈА |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, библиотеки, кинотеки, медиотеки итн.). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br><br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1, т.е. 240 кредити; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. 240 кредити;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. 240 кредити;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1, т.е. 240 кредити;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1, т.е. 240 кредити. |

| | Модуларна единица 1: ЈАЗИК (31) | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Резултати од учење**<br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:** | **Содржини и поими** | **Активности и методи** | **Критериуми на оценување*** <br>**Ученикот/ученичката може да:** |
| 1 | ИСТОРИСКИ РАЗВИТОК НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК<br>- ги наброи историските факти за кодификацијата на македонскиот стандарден јазик;<br>- ја толкува улогата на Блаже Конески за кодификацијата на македонскиот стандарен јазик. | Кодификација на македонскиот стандарден јазик | Читање текстови на различни дијалекти.<br><br>Дискусија – во пар, учениците добиваат реченици напишани на македонскиот дијалект кој се говори во крајот каде што живеат. Го читаат примерот на дијалект, а потоа и во стандардна варијанта и дискутираат за промените. | 1. ги наведува историските настани за кодификација на македонскиот стандарден јазик;<br><br>2. изведува заклучок за улогата на Блаже Конески во врска со кодификацијата на македонскиот стандарден јазик. |
| 2 | МОРФОЛОГИЈА<br>- образува глаголска именка, глаголски прилог, глаголска придавка;<br><br>- го разликува значењето на неличните глаголски форми; | Нелични глаголски форми – глаголска именка, глаголска придавка, глаголски прилог и глаголска л-форма | Вежби за препознавање на глаголска именка, глаголска придавка, глаголски прилог и глаголска л-форма во даден текст или реченици.<br>Вежби преку кои ќе ги разликува глаголска именка, глаголска придавка, глаголски прилог и глаголска | 1. креира сопствени примери за глаголска именка, глаголска придавка, глаголски прилог и глаголска л-форма;<br><br>2. прави разлика помеѓу основното значење на |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - правилно ја употребува глаголска л-форма во сите три родови; | | л-форма од другите глаголски форми применети во примери и реченици од секојдневниот живот. Пр. Сакаш малку пита? Не благодарам, јаден сум. Одејќи наваму јадев, а и сум јадел ваква пита, прекрасно мириса.<br>Конструира реченици со глаголска именка, глаголска придавка, глаголски прилог и глаголска л-форма.<br>Вежби со повеќечлен избор, наставникот дава примери кои се со избор за дополнување реченица во која недостига нелична глаголска форма.<br>Дополнување на реченици со соодветена глаголска именка, глаголска придавка, глаголски прилог и глаголска л-форма.<br>Точни/неточни искази со нелични глаголски форми. | глаголот и значењето на глаголската именка / придавка /глагол;<br><br>3. менува глаголски л-форми во сите три рода. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - се служи со глаголските форми за минато неопределено свршено и несвршено време во усна и писмена комуникација; | Сложени глаголски форми – Минато неопределено свршено и несвршено | Вежби за употреба на глаголи во минато неопределено свршено и несвршено време.<br>Пишување реченици во минато неопределено свршено и несвршено време со соодветна терминологија според интересите на учениците во конкретни научни области.<br>Препознавање на формите за минато неопределено свршено и несвршено време во даден текст.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветна глаголска форма.<br>Точни/неточни искази. | 1. ги идентификува минато неопределено свршено и несвршено време;<br><br>2. ги менува глоголите во глаголската форма за минато неопределено свршено и несвршено време;<br><br>3. составува реченици во кои употребува глаголски форми во минато неопределено свршено и несвршено време. |
| | - употребува глаголски форми за идно време; | Идно време | Вежби за употреба на глаголи во идно време.<br>Пишување на реченици со соодветна терминологија од струката.<br>Препознавање на формите за идно време во даден текст. | 1. ги препознава глаголите во идно време;<br><br>2. ги менува глоголите во глаголската форма за идно време; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветен глагол.<br>Точни/неточни искази. | 3. составува реченици во кои употребува глаголски форми во идно време. |
| 3 | - ги препознава формите за можен и заповеден начин во реченицата;<br><br>- ги употребува можниот и заповедниот начин во реченицата;<br>- гради реченици во кои употребува форми за можен и заповеден начин; | Можен начин<br><br>Заповеден начин | Вежби за препознавање на можен и заповеден начин во даден текст или реченици.<br>Конструира реченици со можен и заповеден начин.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветна форма за можен и заповеден начин.<br>Точни/неточни искази. | 1. образува можен и заповеден начин;<br><br>2. прави разлика помеѓу можен и заповеден начин;<br><br>3. препознава можен и заповеден начин во дадени реченици или текст. |
| | - употребува сложени глаголски форми со помошните глаголи има и сум. | Има и сум конструкции | Вежби за препознавање на има и сум во даден текст или реченици.<br>Конструира реченици со има и со сум.<br>Вежби со повеќечлен избор.<br>Дополнување на реченици со соодветна форма.<br>Точни/неточни искази. | 1. ги идентификува речениците во кои се употребени сложените глаголски форми со има и сум.;<br>2. составува реченици со сложени глаголски форми со помошните глаголи има и сум. |
| 4 | **СИНТАКСА**<br>- разликува сложена реченица; | Видови сложени реченици<br><br>Независносложени реченици | Вежби за откривање и градење на сложени реченици. | 1. ја дефинира поделбата на сложената реченица; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги препознава независносложените реченици. | | Вежби за препознавање на независносложени реченици | 2. ја идентификува независносложената реченица. |
| | - разликува независносложени реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни). | Составни независносложени реченици<br>Спротивни независносложени реченици<br>Разделни независносложени реченици<br>Исклучни независносложени реченици<br>Заклучни независносложени реченици | Вежби за препознавање на независносложени реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни);<br>Вежби за составување на независносложени реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни);<br>Вежби со повеќечлен избор;<br>Дополнување на реченици со соодветни сврзници за независносложени реченици.<br>Точни/неточни искази | 1. ги препознава независносложените реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни);<br>2. составува независносложени реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни);<br>3. прави разлика помеѓу независносложени реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни). |
| | **Модуларна единица 2: МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА (26)** | | | |

| Ред. број | Резултати од учење Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување* Ученикот/ученичката може да: |
|---|---|---|---|---|
| | **МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ**<br><br>-наведува карактеристики за македонската литература меѓу двете светски војни;<br><br>-ги анализира тематско-идејните одлики на текстовите. | Појава и особености на македонската литература меѓу двете светски војни<br><br>Васил Иљоски: „Бегалка“<br><br>Антон Панов: „Печалбари“<br><br>Ристо Крле: „Парите се отепувачка“<br><br>Кочо Рацин: „ Денови“, „Ленка“, „Тутуноберачите“<br><br>Коле Неделковски: „Глас од Македонија“ | Самостојно читање на извадоци од делата на В.Иљоски, А.Панов, Р.Крле и одговор на прашања за разбирање на текстот (отворени – со дополнување и затворени прашања со даденизбор).<br><br>Раскажување на прочитаните извадоци од дела и истакнување на главните поенти.<br>Одговарање на прашања преку анализа на цитати од делата.<br>Проследување на аудио и видео записи за театарски претстави.<br><br>Дискусија за јазичните карактеристики. | 1. ги наведува био – библиографските податоци за: В.Иљоски, А.Панов, Р.Крле, К.Рацин и К.Неделковски;<br><br>2. ги открива мотивот и идејата во делата од овој период;<br><br>3. анализира и толкува содржини на текстовите. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Дискусија на тема - Споредба на печалбарството како мотив од минатото и сегашноста.<br>Играње улоги<br>Интерпретирање – читање и рецитирање на песните од К.Рацин и К.Неделковски и анализа на истите. | |
| 2. | **МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА**<br>- наведува карактеристики на македонската литература по Втората светска војна. | Појава, особености и главни претставници | Читање изводоци и за откривање на карактеристиките и претставниците. | 1. ги набројува карактеристиките на македонската литература по втората светска војна;<br><br>2. ги наведува претставниците на македонската литература по втората светска војна. |
| | -ги анализира тематско-идејните одлики на текстовите;<br><br>-користи поголем фонд на зборови. | Славко Јаневски: „Улица“<br><br>Стале Попов: „Крпен живот“ | Самостојно читање на изводоци од делата на С.Јаневски, С.Попов и К.Чашуле. | 1. ги наведува био – библиографските податоци за: С. Јаневски, С. Попов, А.Шопов и К. Чашуле; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Ацо Шопов: „Очи“<br><br>Коле Чашуле: „Црнила“ | Интерпретирање – читање и рецитирање на поезија од А.Шопов.<br>Раскажување на прочитаните извадоци од делата.<br>Прераскажување на прочитаните извадоци од делата во пар или во група.<br>Одговарање на прашања преку пребарување на одговорот во текстовите.<br>Играње улоги | 2. ги открива мотивот и идејата во делата од овој период;<br>3. анализира и толкува содржини на текстовите. |
| | | Лектири:<br>Две дела од македонски автори ( Блаже Конески „Тешкото“, Матеја Матевски „Ѕвона“)<br>(2 часа) | | 1. ги открива мотивот и идејата во делата;<br>2. анализира и толкува содржини на делата. |

| | Модуларна единица 3: КОМУНИКАЦИЈА (15) | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. број | Резултати од учење<br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да: | Содржини и поими | Активности и методи | Критериуми на оценување*<br>Ученикот/ученичката може да: |
| 1. | СЛУШАЊЕ<br>- да применува техники на активно слушање;<br>- да парафразира текст;<br>- да ги прифаќа и користи вербалните и невербалните пораки;<br>- активно да учествува во дискусија.<br><br>ЧИТАЊЕ<br>- да чита со внимание;<br>- да издвојува важни од помалку важни и неважни информации. | Активно слушање<br><br>Дискусија (насочена и ограничена; застапување на теза).<br><br>Читање (за стекнување на информации и за релаксирање)<br><br>Рецитирање<br><br>Интерпретирање на текст<br><br>Проценка на дадени информации | Слушање на текстови и емисии од различни медиуми со различна цел.<br>Дискусија со бранење на сопствена теза и антитеза.<br><br>Обработка на текстови од различни функционални стилови за прибирање на информации и пронаоѓање на идеи во нив.<br><br>Парафразирање, невербална комуникација. | 1. репродуцира прочитан текст;<br>2. дискутира и ја наведува дискусијата на дадена тема;<br>3. модифицира информации без да ја изгуби содржината;<br>4. дава сопствени заклучоци и брани теза;<br>5. аргументира сопствени ставови.<br><br>1. повторува информации;<br>2. класифицира информации;<br>3. пронаоѓа и толкува скриени информации во даден текст;<br>4. вреднува прочитан текст. |

* Внесени се стандарди/индикатори за постигнување на резултатите од учењето врз основа на кои се определуваат критериумите за оценување.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | **ПИШУВАЊЕ**<br>- да разликува соопштение од вест и реклама;<br>- да разликува биографија од автобиографија;<br>- да подготви информации за усна и писмена презентација на дадена тема. | Соопштение<br><br>Вест<br><br>Биографија<br><br>Автобиографија<br><br>Презентација | Презентирање на готови соопштенија и вести.<br><br>Вежби за пишување на соопштение и вест.<br><br>Натпревар за најдобро напишана вест од даден настан.<br><br>Пишување на кратка автобиографија.<br><br>Подготовка на презентација на самостојно избрана тема. | 1. препознава соопштение и вест и набројува основни елементи од кои е составено соопштението или веста;<br>2. изготвува сопствени примери – пишува вест или соопштение;<br>3. разликува  и составува автобиографија од биографија;<br>4. пронаоѓа материјал и креира презентација. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување. Согласно природата на програмата по предметот македонски јазик за заедниците оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма, со презентација на соодветни проектни задачи, трудови и слично.<br>Усниот инструмент се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, презентации, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита писмени работи, писмени вежби, објективни тестови на знаења, тестови на способности.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината.<br>За учениците кои покажуваат вонреден интерес и успех задолжително се организира додатна настава.<br>За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.<br>Ученикот се оценува со бројчана оценка. |
| **Литература и други извори** | Учебник одобрен од министер за образование и наука, автентичен пишан и илустративен материјал (за модуларните единици: ЈАЗИК, МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА и КОМУНИКАЦИЈА), интерактивна табла, Интернет (образовни софтвери, веб-страници), мобилни апликации. |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2022/2023 година** |
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |

| | |
|---|---|
| Потпис и датум на донесување на наставната програма | бр.13-7336/11<br>22.6.2022 година<br><br>МИНИСТЕР,<br>Doc.Dr. Jeton Shaqiri<br><br>___________________ |
| Датум на ревизија | |